БИБЛИОТЕКА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ — Скопје
— ОДДЕЛ ПЕРИОДИКА —
Инв. бр.

## Трагичен викенд во Јапонија

Токио, 11 ноември (Танјуг)

Во саботата попладне милиони Јапонци ги возбуди веста за тешките несреќи во рудникот за јаглен на островот Киу Шиу и железничката пруга Токио — Јокохама. По 25 часовните операции за спасување во кои учествувале преку 3.500 лица утврдено е дека во двете несреќи загинаа 616 лица, а околу 500 се тешко повредени.

ОПШИРНО НА 16 СТРАНИЦА

# СО СРЕЌА!

### ЕКСКЛУЗИВНА ИЗЈАВА НА ИВО АНДРИЌ ЗА ЧИТАТЕЛИТЕ НА „ВЕЧЕР“

Белград, ноември. — Еминентниот југословенски писател Иво Андриќ, добитник на Нобеловата награда за литература, го прими нашиот белградски дописник кому, посветувајќи своја фотографија за „Вечер“, му даде специјална изјава за нашите читатели.

Иво Андриќ за време на земјотресот престојуваше во Шведска. Тамошниот печат објавуваше негови фотографии со следнава легенда: „Тој има пријатели во Скопје“.



„Со среќа!
На редакцијата на весникот „Вечер“ — Скопје
Иво Андриќ“

Изјавата на Иво Андриќ за нашиот весник гласи:

„Веста за земјотресот во Скопје ми дојде далеку од земјата и малку на чуден начин. Бев на север во Шведска, далеку над поларниот појас, во рударски центар, во градот Кируна.

Попладне ме повика на телефон тамошниот дописник на еден стокхолмски весник. Извинувајќи се рече дека сака да зборува со мене за — Скопје! Бидејќи не знаев ништо за она што се случило, тој многу претпазливо ми ги соопшти сите оние први и не потврдени вести. Бев поразен и толку збунет што не знаев што да кажам. Пред да успеам да се соземам, почнав да добивам нови телефонски покани од други новинари. Вестите беа страшни. Градот е срамнет со земја. Бројот на мртвите околу сто илјади. И слично.

Настојував да им кажам што повеќе за Македонија и за нејзиниот главен град. Кога останав сам, веднаш помислив утре со првиот авион да се вратам во земјата. Тешка беше таа ноќ на далечниот Север, полна со неизвесности и мачни мисли. Во секавањето постојано си го претставував Скопје, неговите улици и најубавите згради во нив. Пред очи ми излегуваа редум лицата на моите другари скопски писатели. Се прашував што ли станало со нив. Што станало со Лазо Личеноски и со толку други? Сѐ ми изгледаше како неподнослива загуба, како подмолен удар на судбината кој паѓа толку потешко, колку човек е подалеку од својата земја. Вистински кошмар.

Утредента добив телефонска врска со нашата амбасада во Стокхолм. Разговорот малку ме успокои.

На враќање се задржав во Данска, во Копенхаген. Тука имав можност во нашата амбасада да се сретнам со дански писатели, новинари и уметници. Најмногу се зборуваше за Скопје. Настојувавме да им објасниме што значи за нас Македонија и нејзиниот главен град, какви сѐ културни напори вложи тој народ во ослободената земја. Итн., итн.

Морам да кажам дека сите луѓе, културни работници и новинари со кои доаѓав до допир во Шведска и Данска, покажуваа големо вистинско сочувство; со внимание и разбирање слушаа податоци за Скопје и неговите загуби, и им даваа место во своите весници, на радиото итн. Сите сакаа да му помогнат на Скопје. И навистина помагаа, морално и материјално.

Сето тоа дејствуваше како олеснение во тие неколку мачни денови на враќање во земјата.“

**вечер**

СКОПЈЕ — ПОНЕДЕЛНИК, 11 НОЕМВРИ 1963 — БР. 1 — ГОД. I
ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ДЕН ОСВЕН ВО НЕДЕЛА. — ПРИМЕРОК 20 ДИН.

# ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ

*Обичајот да се претставуваме и запознаваме, во случајов кога тоа го прави еден нов дневен весник мора да отстапи, од вообичаените церемонии. „Вечер“ тоа го прави со своите 16 страници и сѐ она што е поместено во нив.*

*Затоа познанството веќе е вос поставено и тоа е првата нишка на пријателството меѓу вас и вашиот нов весник „Вечер“.*

*Појавувањето на „Вечер“ уследи по долга низа години чувствувана потреба од уште еден дневник во Републиката, потреба од еден катадневен информатор за разбуениот живот на еден град од преку двесте илјади жители, град што беше највпечатливиот цвет во букетот што се разбуја во Македонија. Случајот, најтрагичниот случај во поновата македонска историја што се именува со смртоносното име на катаклизмата, со невидена сила го исфрли од нормалниот тек животот во Скопје, за да му наметне сосема нов правец на движењето и дејствување, интереси и потреби; ја засили временската потреба од еден дневен весник.*

*Тој, под ова име, еве дојде.*

*Дојде меѓу вас читателите да биде придружник на вашиот живот. Да ви ги претставува невидените напори на еден град во надчовечката борба да го поврати својот лик, да ја добие онаа сончевина што ги полнеше неговите пори пред катастрофалниот 26 јули. Неговото настојување е свртено само во еден правец — да биде одраз на сето она што се случува денеска во најголемото југословенско градилиште — Скопје, но неисклучувајќи ги сите дејствувања во Републиката и во југословенската заедница; не игнорирајќи ги сите светски збивања.*

*Страниците на „Вечер“ секогаш со полно разбирање и ефикасност, со најможна брзина ќе бидат отворени за сѐ она што се вика настан; за човекот во тој настан — еднакво за оние што својот дом уште, но не за долго, го одбележуваат со број на шатор; на луѓето што се под виткуваат под разриените нове ќекатници во напорот да ја претечат зимата; на луѓето што во својот секојдневен работен биланс низ целата земја забележуваат поен за себе и за овој град; за милионите во светот што бараат сонце под оваа планета и за луѓето што веќе го имаат и во изобилство.*

*Страниците на „Вечер“, кога по напорната работа ќе се отворат пред вас, читатели, ќе говорат за неговите стремежи и ефикасноста да ви го даде сѐ она што го чувствувате како потреба од информирање и разонода. Тогаш, во четири очи, искрено кажете му што му недостасува. Тој ќе ги отвори страниците и за вашите мисли, потреби, желби, зашто само со таков непосреден контакт доаѓа бараниот резултат. Нека ова биде и поканата за ваша соработка во него.*

# РЕНЕСАНСА НА СКОПЈЕ

### ● КЕМАЛ СЕЈФУЛА ЗА ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА НАШИОТ ГЛАВЕН ГРАД

**Перспективите на Скопје се секако најактуелната тема што го окупира вниманието на нашите граѓани. Какви се програмите за обновата и изградбата на градот, што станува со урбанистичкиот план, дали се познати критериумите за доделување на станови — тоа беа нашите прашања што му ги упативме на потпретседателот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија Кемал Сејфула. Разговорот го донесуваме на 2 страна.**





Финалните работи во населбите се во полн ек

ЈУРИШ КОН СЛОБОДНИОТ ГРАД (СТР. 2)

ЗОШТО СКОПСКАТА КОТЛИНА Е СЕИЗМИЧКИ АКТИВНА (СТР. 6)

3.200 ПОПРАВЕНИ СТАНОВИ (СТР. 9)

БОШАЛЕВСКИ ВО ВАРДАР? (СТР. 15)

3432/66 2255/74



*РАЗГОВОР СО КЕМАЛ СЕЈФУЛА*

# Се запира градбата на монтажните згради во потесниот дел на градот

Потпретседателот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија Кемал Сејфула го прими нашиот уредник и одговори на неколку прашања за читателите на „Вечер".

— Тешко е поопределено да се зборува за некои поконкретни перспективи на Скопје поради отсуството на програма за обнова и изградба на градот, — рече Кемал Сејфула. — Тоа ќе се знае кога овие перспективи ќе бидат набележани во седумгодишниот план на нашата југословенска заедница, што веќе се изработува. Но, тргнувајќи од мерките што се преземени досега и што се преземаат, може да се очекува дека во наредните години Скопје ќе биде вистинско градилиште и ќе се забележи силен подем во сите области од животот: стопанскиот, комуналниот, здравствениот, културниот и на полето на општествениот стандард. Сето тоа заедно несомнено ќе претставува вистинска ренесанса на Скопје.

— Тоа значи дека обновата и изградбата на Скопје нема да ги наруши плановите за изградба на нови објекти.

— Не само што нема да се нарушат плановите, туку тие ќе стануваат поголеми по својот обем и ќе се вложуваат нови инвестиции. Впрочем, дека обновата на градот нема да повлијае врз другите области, може најдобро да се види од тоа што од вкупните инвестиции за идната година 40% отпаѓаат само на Скопската железарница.

Силниот подем во стопанството, што се очекува во иднина во Скопје, секако ќе овозможи да се забрза изградбата на новиот град, кој со пространите авении и улици, со модернизацијата на сообраќајот, канализацијата, водоводот и другите комунални објекти, навистина ќе претставува сосема друг град од оној што беше досега, не само по својот стопански потенцијал туку и по својата убавина. Накусо кажано, стопанството на Скопје ќе постигне поголема стопа на пораст одошто беше забележувана пред земјотресот, но сепак треба да се има предвид дека степенот на стопанскиот подем веројатно ќе беше поголем ако не дојдеше до катастрофата. Кога ја изнесувам мојата визија на ново Скопје, имам предвид дека во реализирањето на програмата за негова изградба ќе се ангажираат сите фактори.

— Дали е позната урбанистичката програма на новиот град?

— Генералниот урбанистички план не е готов, но се вршат сериозни подготовки. Сите ставови тргнувајќи и од мислењето на стручњаците, наши и странски, се единствени: Скопје треба да се гради на местото на кое се наоѓа сега, и затоа не би требало да се дозволат никакви импровизации во градбата. Сакам да истакнам дека би требало да се запре натамошната градба на монтажни згради во потесниот дел на градот, па и на оние објекти што се подигнати само до темелите. Во иднина нема воопшто да се дозволи градба на вакви згради во тој дел на градот, ниту за живеење, ниту за сместување на установи и институции. Ваков став се заземе затоа што некои организации и установи тргнаа на широк план да ги решаваат своите проблеми во потесниот дел на градот, подигајќи импровизирани објекти.

— Дали се познати критериумите за доделување на станови?

— Прилично е дискутирано за начинот и критериумите на распределбата на становите, но сè уште не се расчистени некои прашања. Важно е да се истакне дека на поединци и на работни организации ќе им се овозможи да купуваат станови и со сопствено учество, на кредит да купуваат. На тој начин се овозможува секоја работна заедница конкретно да пристапи кон решавање на станбеното прашање според критериумите што ќе ги утврди самата заедница.

# БИЛТЕН

**МЕТЕОРОЛОШКИ**

| | минимална | Температура денес во 10 часот |
|---|---|---|
| Скопје | 2 | 11 |
| Крива Паланка | 4 | 12 |
| Битола | 2 | 11 |
| Демир Капија | 3 | 10 |
| Лазарополе | 4 | 13 |
| Охрид | 6 | 13 |
| Штип | 3 | 10 |
| Прилеп | 5 | 12 |
| Берово | 0 | 9 |

Белград 18, Загреб 20, Љубљана 15, Сараево 10, Титоград 16, Ниш 12, Приштина 12, Нови Сад 21, Риека 15.

**ПРОГНОЗА ЗА УТРЕ**

Во котлините и речните долини — магла. Во текот на денот зголемена облачност. Ќе дува слаб до умерен јужен ветер. Дневната температура во мало покачување.

**ХИДРОЛОШКИ**

| | Водостој на Вардар во сантиметри | | |
|---|---|---|---|
| | среден | критичен | денес во 7 часот |
| Скопје | 43 | 148 | 5 |
| Демир Капија | 145 | 380 | 113 |

**СЕИЗМОЛОШКИ**

Од вчера во 9 до денес во 9 часот не е регистриран потрес. Од 26 јули до денес се регистрирани 380 земјотреси.

*Лондон* — *Од нашиот дописник*

*ДО КРАЈОТ НА ЈАНУАРИ:*

# Училишта и поликлиники од Англија и Франција

## Вредноста на објектите :наменети за Скопје, изнесува 3,5 милијарди динари

Лондон, — 11 ноември. — До крајот на јануари, Скопје ќе добие 16 училишни згради, 12 поликлиники и 24 детски установи и со тоа практично ќе биде решен моментниот проблем од оваа област во градот — му изјави на нашиот дописник директорот на Дирекцијата за изградба на Скопје Трајко Стојков, кој како член на една делегација веќе неколку дена престојува во Британија. Споменатите објекти ќе бидат набавени половина од Англија и половина од Франција, врз основа на кредит од 5 години. Нивната вкупна вредност ќе изнесува близу 3,5 милијарди девизни динари.

**Одличен квалитет на училишните згради**

Договорот за набавка на овие објекти, сите од монтажни елементи, беше склучен уште порано во Скопје. Меѓутоа, делегацијата допатува во Британија (по слична мисија во Франција) за да ги утврди деталите и да ја забрза испораката на објектите. Според изјавата на Стојков, делегацијата е мошне задоволна од квалитетот на училишните згради што се купуваат во Британија, а британските претпријатија што ќе ги градат овие објекти се обврзале дека ќе направат сè, договорот да биде исполнет колку што е можно порано.

Некои контингенти со монтажни елементи веќе се на пат за Скопје преку Солун, а завчера замина за Скопје и еден караван со монтери од градот Гулверхемптон, седиштe на една од фирмите што ги испорачува монтажните училишта. Караванот е декориран со натписи на наш јазик — „Помош за Скопје" — и беше мошне свечено испратен од граѓаните на Гулверхемптон. Во овој град делегацијата од Скопје инаку имаше и повеќе трогателни средби, при кои Англичаните покажаа голема срдечност и разбирање за големите потреби на разурнатиот град.

**Помош уште 4 полни — клиники**

Делегацијата од Скопје исто така се состана и со претставници на организацијата „Борба против немаштијата" која досега има собрано голема помош за главниот град на Македонија. Според изјавата на Стојков оваа организација ќе испрати како помош за Скопје уште 4 поликлиники. Водени се начелни преговори и околу изградбата на едно средно училиште од цврст материјал, како специјален подарок од Британија за Скопје, во кое наставата би се одвивала на англиски јазик. Ако сè се заврши позитивно, ова училиште би почнало да се гради уште идната пролет и би останало во Скопје како симбол на меѓународната солидарност.

Н. Начевски

## БАРАЊЕ: ДЕНУКЛЕАРИЗАЦИЈА НА ЈУЖНА АМЕРИКА

Њујорк, 11 ноември (АП). — Десет латинско - американски земји решиле да поднесат една резолуција со која му се апелира на Генералното собрание да го поддржи планот за забрана на нуклеарното оружје на целата територија на Латинска Америка. Резолуцијата од името на своите земји и од името на Боливија, Костарика, Еквадор, Салвадор, Хаити, Панама и Уругвај ја поденесоа во Главниот политички комитет на Генералното собрание делегатите на Бразил, Мексико и Чиле. Во резолуцијата се изразува надеж дека земјите на Латинска Америка ќе почнат со проучување на мерките за реализација на споменатата декларација, како и сите земји, а посебно нуклеарните сили, ќе дадат полна соработка за реализирање на спогодбата за образование на безатомска зона на подрачјето на Латинска Америка. Со резолуцијата се бара Генералниот секретар У Тант да го поддржи барањето на земјите на Латинска Америка за олеснување на техничката природа што ќе биде потребна во текот на проучувањето на овој план.

Како што се смета, иднината на овој план ги компицира односите САД — Куба. Во текот на дебатата за разоружувањето во Политичкиот комитет, американскиот делегат рече дека САД ќе ја смета за неефикасна секоја спогодба за образување на латинско - американска безатомска зона која не ја опфаќа и Куба.

## БРИТАНИЈА БАРА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ИСТОЧНО-ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ

Лондон, 11. ноември. — Како што јавува АФП, британскиот министер за надворешни работи Батлер и министерот за трговија Едвард Хит енергично ќе бараат од американскиот државен потсекретар Џорџ Бол либерализација на трговијата со источноевропските земји.

Според пишувањето на „Дејли Мел" Велика Британија и другите европски земји изразуваат надеж дека листата на забранетите производи за извоз во СССР и другите источноевропски земји, воведена во времето на најлошиот период на студената војна, ќе бидат ревидирана.

# НА ЈУРИШ КОН СКОПЈЕ

**Фрагменти од борбите на XII скопска ударна бригада**

**Во снежните мугри на 13 ноември 1944 година, покрај другите единици на НОВ и ПОЈ, во ослободувањето на Скопје учествуваа и баталјоните на XII скопска ударна бригада.**

**Извршувајќи ги поставените задачи, оваа прославена народноослободителна единица влезе како победник во намачениот главен град на Македонија и, нанесувајќи му големи загуби на непријателот, си обезбеди место на страниците на нашата историја.**

**Неколку фрагменти од таа дивовска борба ни опишува учесникот во ослободувањето на градот, партизанскиот командир, резервниот капетан I кл. Димитар Саздов.**

**НАПАД НА ДРАЧЕВО И ПРУГАТА**

По формирањето на бригадата, што стана на 12 септември во велешкото село Фојница, имавме повеќе судирања. Веш командир на вод во I чета од Третиот баталјон и ја добивме задачата преку Жегљане да минеме на скопскиот терен. Подготвувајќи се да му нанесеме конечен удар на непријателот и да учествуваме во ослободувањето на градот, имавме повеќе борбени акции. Особено важни беа нападите над железничката станица во Драчево и уништувањето на железничката пруга од Скопје за Зелениково. Притоа ги уништивме и сите мостови над Маркова и Кадина река.

Овие напади предизвикаа тешки пореметувања во отстапувањето на големите германски воени формации, кои се враќаа од Грција. Затоа и нашиот успех беше толку значаен.

**ЧИСТКА НА БАНДИТЕ**

По овие акции, пристапивме кон расчистување на балистичките банди кои ги напаѓаа селата Ракотинци, Горно и Долно Соње, Говрлево, Добридол и Борово. Со неколку удари речиси повеќемината балисти беа принудени да се предадат. Еден мал дел се повлече преку Света Петка и Крушопек кон Сарај, барајќи заштита од германските окупатори.

Во тие октомвриски денови добив задача да водам чета. И со чести напади веќе почнавме да ја контролираме и долината на Треска. На тој начин во почетокот на ноември нашата бригада го контролираше целиот терен од Водно до електричната централа во Матка.

**ПОДГОТОВКИ ЗА НАПАДОТ НА СКОПЈЕ**

По сите извршени работи, ноќта на 12 ноември командантот на бригадата, народниот херој Трајко Стојковски, изврши смотра на сите баталјони. Потоа по претходно извршениот распоред, се упативме кон нашите позиции.

Ноќта беше студена. Дрвјата без лисја, а снегулките ја попрскуваа земјата. Тивко се провлекувавме низ веќе обраните лозја. Некаде пред зори започна да паѓа и снег. Над Скопје се спушти густа магла. Бевме благодарни на временските околности, бидејќи тие нам ни конвенираа. Го забрзавме одот и пред градските влезови започна да се раздденува.

Четата со која командував ја имаше добиено задачата да напаѓа во реонот од „Црниче" до „Мала станица". А непријателот беше стациониран -главно кај железничката станица. Требаше да претходи на нашето влегување напад со артилерија и минофрлачи. Но ова оружје го заменивме со нашата желба во Скопје луѓето да влезат како победници.

И така почна општиот напад.

**ЖЕЛЕЗНИЧКАТА СТАНИЦА ОСВОЕНА**

Меѓутоа, непријателот даваше силен отпор. До пладнето железничката станица, главниот објект во нашата атака, сè уште беше во нивни раце. Баталјонот донесе одлука да испрати една чета да нападне од бок. Непријателот беше изненаден, направи обид и таму да ја организира својата одбрана, но беше доцна. Околу 16 часот станицата веќе беше во наши раце. Последните борбени судирања беа толку брзу добивани, што непријателот немаше време да ја спроведе својата подла замисла да ја минира станицата. Освен еден мал агол, каде што беа активирани мините, сето друго беше спасено.

Заземањето на станицата ни овозможи да контактираме и со населението. Минувајќи по главната улица, бевме опсипувани со подароци, а кон нашите единици се придружија голем број граѓани.

**НЕПРИЈАТЕЛОТ СЕ ПОВЛЕКУВА**

Притиснет од повеќе страни, непријателот приквечерината се повлече преку плоштадот зад каменииот мост. Овде со пиетет се потсетувам дека само нашата единица имаше шестмина ранети и тројца загинати, меѓу кои се наоѓаше и најхрабриот во четата, комесарот Панче Арсовски.

На другиот ден градот го чистевме од остатоците на непријателската војска. Попладнето, по едночасовна јуришна борба, во наши раце падна и последното непријателско засолниште — учителската школа.

Со тоа Скопје беше конечно ослободено. Денот беше при крај, а по улиците на ослободениот град радосно чекоревме како победници.

ДИМИТАР САЗДОВ

БИБЛИОТЕКА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ — Скопје
— ОДДЕЛ ПЕРИОДИКА —
Инв. бр. 2185 дин. 20

**Вечер ФОРУМ Вечер**

# Јавното мислење бара нов весник

- НАШИОТ ГРАЃАНИН ИМА ПОТРЕБА ОД БРЗО, ТОЧНО И АВТЕНТИЧНО ИНФОРМИРАЊЕ
- „ВЕЧЕР“ ТРЕБА ДА БИДЕ „ВЕСНИК НА ДЕНОТ“ — МЕЃУПРОСТОРЕН ИНФОРМАТОР
- ЖЕНИТЕ: НУЖНИ СЕ ПОСЕБНИ РУБРИКИ ЗА МАЈКАТА РАБОТНИЧКА И СЕМЕЈСТВОТО

**Барајќи мислења и очекувајќи сугестии, предлози и идеи, пред излегувањето на нашиот прв број, направивме мала анкета.**

**Општественици, политичари, работници, новинари, културни работници и граѓани одговараа на нашите прашања: дали излегувањето на „Вечер“ претставува некаков посебен настан и дали идните наши читатели очекуваат нешто посебно од првиот македонски вечерен весник.**

**Одговорите, концизно искажани и различни по зафатите и вкусовите, прилично јасно укажуваат на перспективата на новиот весник.**

- **Започнува излегувањето на вечерниот весник „Вечер“. Дали сметате дека овој значаен настан за македонското новинарство заслужува посебно внимание?**
- **Што очекувате од весникот и каков, според вас, треба да изгледа?**

**АХИЛ ТУНТЕ,**
**претседател на СММ:**

### Навреме, точно и интересно

Новиот весник треба да ја надополни потребата за поцелосно и ефикасно информирање на граѓаните од Скоп



Ахил Тунте

је и не само од Скопје. Навреме, точно и интересно не заради интересности ами заради ослободување од многу долги текстови во кои често и суштината се губи. И уште ова: во „Вечер“ очекувам да најдат свое место културните манифестации и културните доживувања кај нас.

**КОЦЕ СОЛУНСКИ,**
**претседател на Друштвото на писателите на Македонија:**

### Одамна се чувствуваше потреба

Ете уште едно гласило кое ќе ја регистрира динамиката на нашиот град, и на Републиката. Ние, Друштвото по земјотресот уште на првиот состанок говоревме за вакво нешто и во фазата на подготовките за појавување ја слушнавме веста за вечерникот „Вечер“. Треба само да се приклучам кон оние што го поздравуваат излегувањето. Во весникот ќе бидеме чести соработници зашто ние писателите колку што сме по природа творечки затворени исто толку сме општествено ангажирани.

**ПЕТАР ЗДРАВКОВСКИ,**
**претседател на Комисијата за малцински прашања:**

### Здрава иницијатива

Навистина постои потреба од вечерен весник. Човекот што работи во Скопје и вон



Коце Солунски

од него треба да биде информиран, да знае за најважните промени и настани. Појавата на „Вечер“ појдува од здрава иницијатива. Весникот го замислувам како добар информатор, разновиден, жив, брзо да се чита, добро да е илустриран, да има попладневна содржина. Запомнете, многу е важно излегувањето во редовно време.



Пенко Здравковски

**АЛЕКСАНДАР ПОПОВСКИ,**
**новинар во РТВ Скопје:**

### Ме радува секој успех во новинарството

Јас сум новинар и секој успех во новинарството ме радува. Посебно ме восхитува покренувањето на вечерен весник.

**ЈОВО КАМБЕРСКИ,**
**директор на „Вардар филм“:**

### Да третира настани од меѓупросторно значење

Обично се смета дека вечерните весници се булевардски. Не се сложувам со тоа. Тие полезно пополнуваат една дневна празнина. Според мене, „Вечер“ не би требало да се разликува од



Лена Петкова

другите весници. Мислам дека би требало да третира настани од меѓупросторно значење, од едно до друго излегување на дневниот весник. Верувам дека ќе си најде консуматори.

**ВИТЕ ИСИЈАНОВСКИ,**
**претседател на Градскиот синдикален совет:**

### Синдикатите очкуваат многу од „Вечер“

Апсолутна е потребата од ваков весник. Синдикатите како градска организација многу очекуваат од „Вечер“. Што се однесува до физиономијата, да биде илустративен, кус, занимлив, да ги третира битните проблеми на денот.

**БЛАГОЈА ЛАКТИНСКИ,**
**студент на Филозофски факултет:**

### „Вечер“ да биде како никој друг

— Ќе биде добар, весник на денот, тоа отсега го кажувам. Слушнав дека „Вечер“ ќе го прават релативно млади и добри луѓе. Јас верувам во своите генерации. Инаку излегувањето на вечерен орган кај нас заслужува полно внимание и во секој поглед треба да се поздрави.

**АЛЕКСАНДАР КОЦЕВ,**
**стручен соработник во Центарот за култура при Работничкиот дом —универзитет**

### Да доаѓа со сите дневни актуелности

Меѓу два броја на „Нова Македонија“ навистина се чувствуваше празнина и потреба. „Вечер“, јас барам да нè запознава со сите актуелности на денот, да биде ин-



Благоја Лактински

тересно и прифатливо гласило, да завлегува во општествената и културната проблематика, концизно, кусо, јасно, возбудливо и поучно.

**ПЕТРЕ ПРЛИЧКО,**
**театарски и филмски артист:**

### Да ги созбива паничните гласови

„Вечер“ би требало да земе посебно место во точното



Ацо Шопов

информирање на настаните, но исто така да се заложи за созбивање на произволните, панични гласови што се шират во овој бурен период.

**ЛЕНА ПЕТКОВСКА,**
**работничка во ф-ката „Вардар“:**

### Очекувам нови и свежи рубрики

Ги следам вестите за изградбата на градот и тоа секако треба да најде простор на страниците на „Вечер“, Меѓутоа мене, како секоја



Петре Прличко

жена, ме интересираат и женските рубрики, односно оние теми специјално припремени во рубриките „дом, семејство“.

**АЦО ШОПОВ,**
**директор на книгоиздателство „Кочо Рацин“:**

### Без копромис

Потребите од вечерен весник не треба да се акцентираат еднострано: „Вечер“ требаше и ете дојде. Што се однесува до карактерот на весникот, и тука да се оди без компромис: на граѓаните да му се донесат пред очите сите промени што го следат раѓањето на градов, сите тешкотии со кои се сретнува изградбата, но бездруго, не треба да се заборави усталувањето на вечерна содржина на страниците.

**БОРО ПЕТКОВСКИ,**
**Функционер во Републичкиот одбор на синдикатите**

### Не само тесно, информативно

Идејата е за респектирање. Ова ново информативно, да не биде само тесно информативно. За да одговори на задачите што се поставуваат пред него, уште во почетокот треба да најави дека е наполнето со содржина, да блика од сестраност и автентичност

Жените и мажите (скопјани) низ бројки

# МАЖИТЕ ПОДОБРИ ВО СÉ!



Таа и...

- Жени, висококвалификувани работнички има само 98
- Жената почесто завршува факултет, отколку што станува висококвалификувана работничка
- Неписмени жени — најголем дел во „Саат Кула“ и „Кале“ (9.408)

**Жената го сочинува половината од населението на Скопје (само градот) или од вкупно 165 илјади и 529 жители жени има 82 илјади и 441. Мажи се само 647 повеќе.**

■ Ако се одземат лицата на возраст од 10 години, од останатите има 12 илјади 766 неписмени жени, додека бројот на неписмените мажи е за половина помал. Интересно е да се одбележи дека од вкупниот број неписмени жени, во општината „Саат Кула“ и „Кале“ отпаѓаат најголем дел или 9 илјади и 408. Во овие две општини живеат и најголем број неписмени мажи. Во случајов како олеснителна околност за жените би можело да се земе дека возраста на 2448 неписмени жени е над 65 години.

## Многу неженети

■ Лица од женски пол над 15 години немажени има 11 илјади 351, а мажи неженети 2.209 повеќе или вкупно 13.560. Мажени се 37,738, но речиси исто толкав е бројот на неженетите. Вдовици има 4 илјади и 010, а разведени жени 1.140. Бројот на мажите вдовци и разведени е скоро за половина помал.

■ Квалификационата структура на активното женско население, споредено со структурата на машкото население изгледа вака:

■ Со завршен факултет, висока школа или академија има сенасе 351 жена или, само една третина од бројот на мажите со висока наобразба (1.678).

● **Жените, најтешко се здобиваат со квалификацијата да станат висококвалификувани работнички. Вакви има сéнасе 98 жени или тоа е одвај 1/44 дел од висококвалификуваните работници, кои ги има 4 илјади и 403.**

■ Бројот на жените со виша школа и жени-квалификувани работнички се една петина од бројот на мажите со ваква квалификација.

■ Разликата е многу голема и кај жените - помошни службеници. Во бројки, 234 жени и 927 мажи се помошни службеници.

## „Лесно“ се свршува факултет

■ Кај другите категории лица со средна, стручна, нижа спрема, приучени и неквалификувани работници, бројот на жените изнесува приближно половина од бројот на мажите. Овој податок јасно зборува дека жената сака да работи и се здобива со сите квалификации кои и се попристапни сé додека не е оптоварена со семејни и родителски обврски. Полесно и почесто таа завршува факултет, отколку што станува висококвалификувана работничка.

■ Фактот што најголем дел од жените се запослени како приучени, неквалификувани и на места каде се бара нижа спрема, јасно зборува дека таа сака да биде во работен однос. Но, оптоварена со многу други обврски, жената тешко може стручно да се усовршува.

Сите горенаведени бројки се земени од Заводот за статистика на СРМ, според пописот од 1961 година.

М. Ш.



Сите на работа

Во чест на утрешниот празник

# Вчера: 60.000 скопјани го расчистуваа градот

Во чест на 13 Ноември вчера во Скопје беше спроведена голема акција за расчистување.

Од општините „Идадија“, „Кисела Вода“ и Петровец во акцијата учествуваа над 13.000 младинци, членови на ССРН, работници и службеници. Беше употребена и механизација на повеќе градежни претпријатија.

Најмасовен беше одзивот на работниците од „Треска“, „Инсталатер“, НИП „Нова Македонија“, ПТТ како и членови на месните организации на ССРН и ученици од гимназијата „Јосип Броз Тито“, Учителската школа „Никола Карев“ и Педагошката академија.

Акцијата ќе продолжи и по празникот-до конечно расчистување на улиците и урнатините.

Вкупно вчера градот го расчистуваа 60.000 граѓани.

## Граѓаните под шатори нема да плаќаат струја

**„Електродистрибуција“ — Скопје, не извести, дека сите потрошувачи на електрична енергија кои живеат во своите станови ќе ја плаќаат потрошената струја, како и во нормалните услови. Оние граѓани кои живеат во шаторските населби — нема да плаќаат. Трошоците за нив ќе ги надомести Градското собрание.**

СТОП ФОТО

# Низ „иглени“ уши

**Опашка за леб, опашка за „Фијатки“, опашки насекаде. Па и пред шалтерите на поштите. За сите опашки заедничко е едно: граѓаните се туркаат. И повеќе од тоа. Се провираат насекаде и од секаде, без оглед дали за тоа има можност. Еве, и на сликата, на шалтерот од поштата која се наоѓа во автобус, се провреле неколку глави. За тоа дека треба да има барем некаков ред — да не зборуваме.**



# ОД ВЧЕРА ВО 8 ДО ДЕНЕС ВО 8

Вчера во 8.30 часот на раскрсницата меѓу улиците „Иво Рибар Лола“ и „557“ патничката кола ФИАТ 1300, регистарски број СК 51-33, од Општинското собрание на „Идадија“ удри во велосипедискaта Нада Ангелова од Скопје.

Велосипедискaта е тешко повредена и веднаш пренесена во болница. До несреќата дојде поради пребрзо возење.

Во 17.40 часот се случи втора сообраќајна несреќа.

Непознато лице се движело со дрвена количка од десната страна на улицата „Партизанска“ кај селото Нерези. Во истиот правец се движел и мотоциклот НСУ СК 11-370, возен од Миле Стојановски, кој немал возачка дозвола. Мотоциклистот удрил во пешакот и тешко го повредил. Повредениот, во бесвесна состојба е пренесен во болница и задржан на лекување.

Третата сообраќајна несреќа се случи синоќа во 21.15 часот. Се судрија товарното возило „Дајц“ со регистарски број ТГ 15-31, возено од Милош Вукадиновиќ и ФИАТ — комби БГ 470-20, управуван од Десимир Танасковиќ.

Несреќата се случи, поради непочитување на првенство, на раскрсницата од улицата „Иво Рибар—Лола“ и „29 Ноември“.

*Афирмација на еден нов погон на „Тетекс“*

# БРЗ ПРОБИВ ВО СВЕТОТ

■ **Први успеси на погонот за конфекција. — Тетовски производи во најголемите европски стоковни куќи**

**На есенскиот Загрепски велесаем штандот на Волнарскиот комбинат „Тетекс“ од Тетово, привлекуваше посебно внимание кај посетителите. Повод за вакво интересирање беа машкиот иберцигер од тканината „Катерина“ и женскиот мантил од сетер со крзно, производ на погонот за конфекција на овој комбинат.**

Историјата на овој погон е куса: во април годинава тој почна со пробно производство. Неколку месеци подоцна дојде неговата прва афирмација. Втор голем успех конфекцијата од Тетово постигна на Саемот на модата во Белград. На модната ревија беа прикажани пет модели што исто така го привлекоа вниманието на посетителите.

### Девиза: едноставни и практични мебели

Основна одлика на конфекцијата на новиот погон на „Тетекс“ е едноставност и убавина во креирањето на моделите. Тоа е постигнато со ангажирање на поголем број стручњаци во креативното одделение и моделарницата. Се избегнуваат модели на таканаречената „висока мода“, а главната цел на тетовската конфекција е најновите модни достигнувања во светот да се прилагодат на наши услови. Цените се на југословенски просек, а во одделни случаи и под него.

Иако сеуште во пробно производство, конфекциското одделение на „Тетекс“ веќе произведува околу 30 модели за женска, машка и детска конфекција.

Планот за идната година предвидува производството да се зголеми трипати, кога ќе се произведуваат 150 разновидни модели конфекција.

Сега во овој погон работат 330 работници, претежно жени, а за идната година се предвидува бројот да се зголеми на околу 500.



**Низ погоните на „Тетекс“**

### Пазарот е освоен

Советскиот Сојуз, Западна Германија, Бурма и некои други земји станаа првите потрошувачи на тетовската конфекција. Годинава во овие земји е извезена стока во вредност од 300 милиони динари.

На домашниот пазар најголеми купувачи се големите модни куќи во земјата. Со белградската модна куќа погонот за конфекција на „Тетекс“ е во кооперативен однос. Ќе настапува со свои модели на сите ревии во Скопје заедно со трговското претпријатие „Меркур“.

**А. И.**

# До 31 октомври 19,7 милијарди помош за Скопје

Вредноста на пристигн атата помош во пари и материјали, заклучно до 31 ок томври, според податоците од Републичкиот одбор за помош на Скопје изнесува 19 милијарди и 700 милиони динари.

Од странство вредноста на вкупната помош во пари, материјали и лекови изнесува околу 6 милијарди и 450 милиони динари.

*СУДСКИ КУРИОЗИТЕТИ*

# Необичен фото-спор

■ **Трајче Ивановски бара оштета од 10 милиони динари**

■ **Дали „Спортска книга“ за рекламен фотос со „тешкото“ ќе дојде под ликвидација?**

**Битола — Трајче Ивановски, беше член на фолклорниот ансамбл „Танец“, денес учител во село Пешталево, Прилепско, води спор со издавачкото претпријатие „Спортска књига“ од Белград за надоместок на штета од десет милиони динари!**

Околу оваа несекојдневна тема во Долненска општина, кадешто се наоѓа селото Пешталево, се распраат прикаски во сто и една верзија. Затоа се решивме да ја побараме главната личност, Трајче Ивановски и од него да ја дознаеме вистината.

— Во 1954 година — започна Ивановски, — пред турнејата на „Танец“ по европските земји, под Ловќен фотографот Цикота Марковиќ направи снимка на која бевме јас и Мило Милошевиќ за кого мислам дека е од Титоград. На сликата Милошевиќ го удираше тапанот, а над тапанот јас со чекор од „тешкото“. Фотографијата беше вклопена во рекламната брошурка што требаше да се растури по градовите на Европа каде гостуваше „Танец“.

Неколку години подоцна издавачкото претпријатие „Спортска књига“ пушти во продажба музичка разгледница — Македонско оро, „Тешкото“. На разгледницата беше печатена сликата за која ви зборував. Бев необично изненаден. Во прво време не реагирав, меѓутоа, по неколку дена разбрав дека таа слика може да им донесе пари. Бидејќи „Спортска књига“ не побарала моја согласност за печатење на сликата, решив да го тужам ова издавачко претпријатие.

Кога бев повикан на првата судска расправа, — продолжи Ивановски — претставникот на „Спортска књига“ ми предложи спогодба. Ми нудеше извесна сума, но не бев задоволен од висината на понудата. Решив и понатаму, по судски пат, да го остварам своето право и за ова нешто го ангажирав белградскиот адвокат Боривоје Младеновиќ.

— Зарем не ви се чини дека десет милиони се многу?

— Не барам десет милиони само за мене. Пет треба да добијам јас, а останатите пет ѝ припаѓаат на другата личност од фотографијата.

Интересен спор. Дали Ивановски ќе ја добие „играта“ ќе видиме подоцна. **С. М.**



**„Тешкото“ повод за спор**

*Слабата струја ги оштетува електричните уреди*



# ОШТЕТЕНИ ТЕЛЕВИЗОРИ

■ **Само по 21 часот во одделни делови на градот можат да се слушаат радио програми и да се употребуваат телевизори и електрични печки**

**Во одделни делови на градот, особено во Црниче, Кисела вода, Тафталиџе и Гази Баба, струјата е мошне слаба.**

**Се заинтересиравме дали слабата струја штетно делува на телевизорите, радијата, фрижидерите и другите електрични уреди.**

Телевизорите се многу осетливи на промената на јачината на струјата како и на константно слабата струја ни рекоа во сервисот број 10 на Елекетроиндустријата од Ниш. Промената може да доведе до прегорување на осигурачот и на ламбите од телевизорот. Константно слабата струја покрај тоа што дава лоша, често смалена слика на екранот, ги истрошува и ламбите.

— Дали во последните денови при поправката на телевизорите се дошло до констатација дека слабата струја е причина за расипување на телевизорите?

— Да, и тоа во повеќе случаи.

Во сервисот за поправка на фрижидери и електрични шпорети ни дадоа сличен одговор.

— Фрижидерите, особено компресионите, се многу осетливи на промената на струјата, како и на константно слабата струја.

# Ќилимарница за — Мали

Нашата текстилна индустрија „Мирка Гинова“ деновиве склучи договор со Република Мали за испорака на техничка опрема за еден килимарски погон. Вредноста на погонот изнесува околу 8 милиони девизни динари. Испораката во Република Мали ќе ја изврши белградското надворешно трговско претпријатие „Текин Инвест“. Техничките средства за килимарницата во Мали треба да стигнат до крај на годинава.

До неодамна, во ќилимарскиот погон на стопанската организација „Мирка Гинова“ од Република Мали се обучуваа 11 девојки.

ФЕЉТОН

АТАНАС СТЕФАНОВ

*Од нашето историско минато*

# СЛЕДБЕНИЦИ НА „СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТОРИ“

**1**

*И по задушувањето на Илинденското востание голем број чети не го положија оружјето, туку продолжија да се борат уште неколку години — до времето кога веќе се согледуваше блискиот крај на Отоманската држава. И тој период од историското минато на Македонија изобилува со славни подвизи на одделни чети и борци, а најинтересна е таканаречената епопеја на „Ножот“ — еден скалест врв над село Ракле.*

Непобитна вистина е дека Илинденското востание е објавено предвреме и дека, во крајна линија, е исфорсирано од заинтересирани кругови надвор од Македонија. Гоце Делчев, загина само три месеци пред востанието кај село Баница, Серско, и не беше сведок на трагедијата што по 4 август 1903 година го снајде македонскиот народ. Својата жед за слобода, идеализмот и решеноста на секаква револуционерна саможртва во интересе на слободата ги платија со животот стотици и илјадници храбри македонски луѓе и во борбите по ликвидирањето на востанието.

Во тоа трагично време повеќето четници не беа свесни за вистинската политичка положба во Македонија. Дури и голем број војводи знаеја само за дадената клетва, а всушност ги растураа силите во пресметки со пропагандите на заинтересираните соседни држави на Македонија: Бугарија, Србија и Грција. По таков начин и турските воени сили беа олеснети во борбата со македонските чети, зашто имаат незаменливи помошници во оние што имаа интерес што повеќе такви групи да бидат сотриени.

**Чета македонски „камикази“ откажува послушност**

Набрзина беа организирани четите кои во летото 1907 година оперираа во Азот и Поречието. На чело со војводите Михаил Чаков, Петар Ацев, Мирчо Најдов и други, близу двесте одлично опремени борци се најдоа на Никодимската планина. Требало да пристигне и војводата Иван Наумов Алјабака. И токму кога старешините решавале како да се пресметнат со познатиот во тие краишта Јован Бабунски, пристигнала веста дека голема турска војска се движи низ Мариовско со задача да ги ликвидира четите, а освен тоа турски воени единици во забрзан марш биле забележани и по патиштата што водат кон Велес.

Тогаш собраните на советувањето војводи брзо решиле да ги прегрупираат силите со кои располагале во моментот, за да се избегне судирот со далеку помногубројната непријателска војска и сите да се извлечат без жртви кон бескрајните мариовски шуми.

Сите дисциплинирано се распределиле по одредените места. Меѓу другото, било наредено да се напушти позицијата под карпестиот врв „Ножот“, во непосредна близина на селото Ракле.

(Продолжува)

М. Чедери Холме

РОМАН

# Сега ти, Ларедо

**1**

*Приватниот детектив Беањамино Ларедо, наречен Бени, решава разни криминални случаи. Тој е повикан да го расветли случајот околу смртта на Сузан Велс.*

*Но, кој ја убил?*

*Во текот на испитувањето се случуваат нови убиства. Бени се чувствува должен да ги расветли.*

*Детективот Ларедо со вонредна способност ги решава сите случаи. Тој работи сам — и решава сам.*

*Тој го пронаоѓа убиецот на Сузан Велс.*

**Пресудете сами! Сиромашкиот тој спиеше само шест часови, откако „заклучи“ еден случај со три по ред непосредни денови, би можел да подреме уште некој час.**

**Но, да! Спиев само шест часови кога тој црн ѓавол телефонот почна пак да ѕвони.**

**Еден ден ќе испитам кој ја измислил таа направа. Ако за ништо тогаш само во своите секојдневни клетви би можел да спомнувам уште едно име.**

**— Шефе, имаме важни вести — дежурниот агент Ненси така ми пожела добар ден.**

**— Кажи ми на брзина што е и оставиме на мир — му одговорив.**

**— Некоја Сузан Велс ве бараше. Рече да одите веднаш кај неа на улица 72, бр. 126, број стан 36. Изгледа дека е загрозена.**

**— Добро малечка. Оди да поспиеш. Благодарам.**

**Кога ја оставив слушалката прво помислив да поспијам уште пет — шест часови, но повикот ме вознемири. Се одлучив да станам. Ете, зошто секој телефонски повик значеше за мене вистинска животна опасност, ис то како и медот за мувите.**

**Да се претставам: се викам Беањамино Ларедо, но ако сакате да се запишете во листата на моите пријатели, најпрво не треба да ме исмејувате поради моето име и едноставно да ме викате Бени, американски. Имам триесет и четири години, црнпурест, со црна коса, вистински Мексиканец, висок околу 1,70 со два црни зулуфа, што особено им се допаѓа на жените. Професија приватен детектив. Мана: премногу брз. Телото ми е како географска карта ишарено од удари и куршуми и покрај тоа што судири никогаш не сум барал. Што се однесува до судирите, имам својства на пипки за откривање на подземни извори на вода. Ако ги намирисам ги откривам и навлекувам на себе.**



**Ѓаволска работа навистина!**

**Бидејќи така донекаде се запознавме, ќе ви речам уште нешто: јас сум силен. Признавам дека и тоа е грешка, а потекнува од жешката мексиканска крв што ми тече во жилите. Кога ќе се најдам во опасност со пиштол в рака, потполно сум неодговорен и пукам. Ги мразам сите оние што го загрозуваат општеството, ги мразам луѓето кои се надвор од законот и нивните заштитници и кога ќе ми дојдат на нишан ги испраќам во мртвачница без големи церемонии.**

**Заради тоа би морал да бидам прогласен за добродетел на човештвото. Би морал да уживам благодарност од сите угледни сограѓани, но од сето тоа ништо. Ме избегнуваат, потценуваат и најмногу, сакаат воопшто да ме нема.**

**Ах, човешка неблагодарност.**

**Додека се туширав, повторно почнав да размислувам за онаа Сузан Велс. Мора да се работи за некоја осамена девојка која се плаши дека ќе биде грабена. — Или пак можеби за постара хистерична жена? Ги имав различни. Во поголем број тоа се жени кои патот од помали прогонувања. Доволно е значи да се појавам таму како ангел кој ги тера демоните, да покажам жиро-сметка од банката и сите се задоволни: девојката која се чувствува спасена, Ненси која може да се надева на стипендија и потпишаните кои можат да допуштат по некое маченце повремено да го посети неговиот стан.**

**Додека се бричев, почнав да чувствувам крв што течеше низ моето лице. Тоа единствено можеше да значи: неволји и тоа големи. Се облеков полека, присилувајќи се на спокојство. На крајот го ставив пиштолот под пазуви. Допирот со таа ладна и пријателска направа ми даваше секогаш голема сигурност.**

**Улицата 72 се наоѓа на спротивната страна од Квинс, некаде на крајот од Бринкс, поради што бев присилен да се впуштам во долго и скапо возење со такси.**

**Зградата не беше така луксузна, но ни лоша. Имаше околу четириесет до педесет катови, а во неа мораше да живеат доста богати луѓе, така што заклучив дека и мојата пациентка морала да има некој долар. Прегледувајќи го списокот на станарите до влезот забележав дека Сузан Велс живее на шестиот кат. Го притиснав копчето за деветиот кат и влегов во лифтот штом дојде. Несакав да ме видат. Полека и сигурно слегов пеш неколку ката.**

(Продолжува)

КРСТОСЛОВКА **1**

**Хоризонтално:** 1. Претседател на Алжир, 7. Шпанско женско име, 12. Фабрика во Гостивар, 14. Цртичка, 16. Две букви, 18. Кратенка за спортски клуб, 19. Старина, 21. Српска показна заменка, 22. Италијански весник, 24. Стар град во Мала Азија (наопаку), 25. Крајна точка на земјата, 26. Географски поим, 27. Две соглгаски, 28. Египетски бог на Сонцето, 29. Француски книжевник (нобеловец), 30. Грчка буква, 31. Град во ОАР (наопаку), 33. Град во ЧССР, 34. Последно и прво слово од азбуката, 35. Некогашен претседател на САД, 36 Хемиска ознака за рутениум, 37. Италијанска афримација, 38. Нагалено од Ристо, 39. Знак за аларм, 42. Женско име, 43. Неспокојна.



**Вертикално:** 1. Главен град на Романија, 2. Автомобилска ознака за коли од Нови Сад, 3. Кип (статуа), 4. Зимзелено дрво, 5. Презиме на артистката Вивиен, 6. Завршеток на столбовите во старо-грчката архитектура, 8. Татарски водач, 9. Личност од стриповите на Волт Дизни, 10. Народни игри, 11. Негација, 13. Крај на музичко дело, 15. Држава во Јужна Америка, 17. Женско странско име, 20. Насилник, 21. Наша фабрика за мотори, 23. Деминутив од Илија (срп), 25. Господин (полски), 27. Несреќа, 29. Парични единици во некои земји, 31. Наш детерџент, 32. Каша, 33. Козметички препарат, 35. Остров на Јадран, 38. Грчка буква, 40. Нота, 41. Мерка за површина.

Гај Монтон (САД)

ГАЛЕРИЈА НА КАРИКАТУРИСТИ




— Верувајте, тоа ми е само хонорарна диплома!

